ВОДИЧ ЗА ИКТ НА МЕТАМОРФОЗИС Бр. 6

# Како до Политика за приватност?

## ОБЈАВУВАЊЕТО ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ ИМ ОВОЗМОЖУВА НА Е-ИЗДАВАЧИТЕ ОСНОВА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ НА НИВНИТЕ ВЕБ-СТРАНИЦИ, ПРЕКУ ТРАНСПАРЕНТНО ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ТОА КОИ НИВНИ ПОДАТОЦИ ГИ ПРИБИРААТ И ГИ КОРИСТАТ.

**Политика за приватност** (анг. Privacy policy) е правен документ со кој се објавуваат некои или сите начини на кои една страна прибира, користи, објавува и раководи со податоци на своите клиенти. Содржината на една Политика за приватност ќе зависи од важечкото домашно законодавство, а може да служи и за да ги задоволи барањата на повеќе земји или јурисдикции. Не постои универзално упатство за содржината на една специфична Политика за приватност, но има низа организации кои нудат примери и формулари, како и интернет-апликации за пополнување по принцип на т.н. „волшебници" (извадок од основната дефиниција на Википедија).

Градењето навики за задолжително креирање и поставување на Политики за приватност на интернет-страниците зависи од развојот на културата на приватност. Концептот за заштита на приватноста треба да биде интегрален дел од процесот на креирање на секоја интернет-страница. Се разбира, за градењето култура на приватност, од дизајн до имплементација, потребни се стратегии и поддршка, што е основна функција на овој прирачник.

Историскиот развој на политиките за приватност започнува во 1995 година со денесување на Директивата за заштита на личните податоци - 95/46/ЕК, важечка за земји-членки на ЕУ. Истата година, Федералната комисија за трговија (ФТЦ) на САД ги објави Принципите за фер информирање. Иако не беа обврзна политика, овие принципи нудеа насоки за комерцијална употреба на личните податоци, одговарајќи на растечките потреби на јавноста за развој на политики за приватност. Во овој контекст важно е да се нагласи дека постојат значајни разлики помеѓу законите за заштита на лични податоци во ЕУ и законите за приватност во САД. Стандардите на ЕУ мора да ги исполнуваат, не само деловните субјекти кои работат во ЕУ, туку и сите организации кои пренесуваат лични податоци во врска со жители на ЕУ.

Следејќи ги начелата за заштита на личните податоци во македонскиот Закон за заштита на личните податоци, основата на секоја добра Политика за приватност зависи од неколку елементи кои треба да бидат вградени во неа, почнувајќи од информација за јасно утврдените цели на собирање и обработка на личните податоци, нивната релевантност и соодветност во однос на целта за која се собрани, рокот во кој податоците ќе се чуваат и по истекот на кој ќе бидат избришани, информација за трета страна на која ќе ѝ се пренесуваат или откриваат, анонимизација на личните податоци по потреба и водење грижа за квалитетот на личните податоци.

Исто така, Политиката за приватност, односно документот кој се препорачува да го има секоја веб-страница преку кој ќе се покаже грижата кон корисниците и посетителите на конкретната веб-страница може да се дефинира и како политика преку која компанијата или организацијата која ја поседува веб-страницата управува со личните податоци собрани од посетителите на страницата. Ако сме во улога на потрошувачи, приватноста вклучува и заштита на нашиот интегритет и нашето право да ги откриеме личните податоци на трети страни, без притоа кој било да нè вознемирува со несоодветни информации доколку ние не сакаме да бидеме контактирани.

Шестиот Водич за ИКТ на Метаморфозис е подготвен во тесна соработка со Дирекцијата за заштита на личните податоци на РМ со цел да им се помогне на сите е-издавачи, односно поединци и организации кои објавуваат на Интернет, да воспостават и да одржуваат политики за приватност преку конкретни совети и упатства. Едновремено, водичот е наменет за сите граѓани, а особено за новинарите што сакаат да стекнат основа за едно од основните човекови права - приватноста, според кое граѓаните имаат контрола врз протекот на личните податоци за нив или за нивните семејства.
Фондацијата Метаморфозис, која е и членка на асоцијацијата ЕДРИ - Европски дигитални права, смета дека подигањето на јавната свест за приватноста е особено важно и од аспект на понатамошна демократизација на нашето општество, а и од аспект на промоција на правилна примена на новите технологии.
Ова издание, како и сите досегашни водичи што ги има издадено „Метаморфозис" се достапни во електронска форма на веб-сајтот на фондацијата: www.metamorphosis.org.mk.
За печатени верзии, пишете на **info@metamorphosis.org.mk**

Од сето погоре кажано се наметнува прашањето зошто во изминатите години приватноста стана толку важно прашање за нас? Одговорот е дека потрошувачите/корисниците имаат потреба од дополнително осигурување пред да ги направат достапни нивните лични информации и податоци на трета страна. На корисниците навистина може да им се допаѓа Вашата веб-локација и дури и често да ја посетуваат, но штом ќе им го побарате нивното име, тие започнуваат да се сомневаат. Уште повеќе, ако им ги побарате нивните адреси, телефонски број, кредитни картички, имиња на банки, број на сметка, медицинска историја или информација за работното место, потрошувачите/корисниците ќе се загрижат за тоа што ќе правите Вие со нивните лични податоци. Можете да ги обвините? Се разбира, не!

**Приватност** е способност на поединец или група да се исклучат себеси или информациите за себе, за потоа тие да се откриваат селективно. Границите и содржината на она што се смета за приватно се разликуваат меѓу културите и поединците, но делат заеднички теми. Приватноста понекогаш е поврзана со анонимност, желбата да се остане незабележлив или неидентификуван во јавниот простор.

Правото на приватност е загарантирано во неколку опширни меѓународни договори. Се сретнува во членот 12 од Универзалната декларација за човекови права, како и во членот 17 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права на Обединетите нации, каде што се вели дека „Никој не смее да биде подложен на произволно вмешување во неговиот приватен и семеен живот, домот или преписка, ниту пак на напади врз неговите чест и углед. Секој има право на заштита од закон против таквото мешање или напад“.

Она што треба Вие да го направите е да ги обезбедите основните и најбитните информации/аспекти за кои тие се грижат, а тоа може да се направи преку јасна и ефикасна Политика за приватност. Затоа, кога се наоѓаме во т.н. „дигитална ера“ и кога купувањето преку интернет е сè пораспространето, целта и мотивот, а секако и потребата за донесување Политика за приватност е токму тоа: стекнување доверба на корисниците кон саканите веб-страници и обратно, овозможување форма за искажување на грижата на сопствениците на веб-страниците за заштитата на личните податоци и воопшто приватноста на своите клиенти, т.е. потрошувачи или корисниците на производите и услугите што се нудат на тие веб-страници.

Во Република Македонија правото на заштита на личните податоци е нормирано во членот 18 од **Уставот на Република Македонија** од 1991 година, со што се обезбеди гаранција на сигурноста и тајноста на личните податоци. Потоа, ова право на системски начин се разработи во **Законот за заштита на личните податоци** донесен во 2005 година.

Дирекција за заштита на личните податоци

Во 2008 и во 2010 година, врз основа на извршената анализа на дотогашното практично имплементирање на законот, **Дирекцијата за заштита на личните податоци - ДЗЛП**, како самостоен и независен државен орган, а воедно и како единствен орган во државата кој се грижи за законитоста на преземените активности при обработувањето на личните податоци и нивна заштита на територијата на Република Македонија иницираше допрецизирање на законскиот текст за употребата во националното законодавство и за доусогласување со европските теркови од оваа област, со цел негово поефикасно спроведување. Најновата, прочистена верзија на Законот е достапна на веб-сајтот на ДЗЛП (**www.dzlp.mk**).

# Основни начела

Многу е важно да ја заштитите Вашата приватност при користење интернет, како и да инсистирате веб-страниците што ги посетувате да го почитуваат Вашето право на приватност.

Меѓу другото, ова значи дека интернет-страниците треба прецизно да Ве информираат кои лични податоци ги собираат за вас и за кои цели. Тие секогаш треба да добијат Ваша согласност пред да почнат да ги собираат Вашите лични податоци, да ги обработуваат или, пак, објавуваат.

Во контекст на претходно наведеното, при започнувањето на креирањето на Вашата Политика за приватност, прво прочитајте ги важечките правни акти од оваа област, за да може пред корисниците да демонстрирате дека ги познавате. Во Република Македонија тоа се Закон за заштита на лични податоци и Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, донесен од страна на ДЗЛП. Потоа, објаснете ги основните принципи според кои се раководите при заштита на личните податоци во вашата организација и како тие се применети при работата на ова веб-издание.

Од досегашните искуства, како и преку разните извори што беа користени при создавањето на овој Водич, се доаѓа до заклучок дека секоја Политика за приватност би требало да ги содржи следните компоненти:

## 1) Достапност и видливост

Важен фактор за ефективност на Политиката за приватност е нејзината лесна достапност. Линкот до оваа страница треба да биде лесно видлив и присутен на секоја веб-страница од веб-сајтот – како дел од главното мени во заглавието или пак во „футерот“.

## 2) Објаснете кои видови податоци ги собирате и за што ги користите

Јасно објаснете кои видови податоци ги собирате од Вашите корисници и за што ќе ги користите собраните податоци. Покрај личните податоци, за кои други податоци чувате електронски записи? Дали собирате податоци за деца? Како ја потврдувате согласноста на родителите доколку собирате податоци за деца?

Секогаш имајте на ум дека информациите се моќ и иако речиси две третини од интернет-корисниците може да се автоматски согласни да ги прифатат Вашите гаранции дека Вие нема да ја нарушите нивната приватност, останатата една третина е сериозно загрижена за тоа како ќе се однесувате со нивните лични податоци. Токму од овие причини, доколку Вашата веб-локација обезбедува нерафинирано селектирање податоци за идентификација на посетителите, со цел добивање известувања за некоја нова понуда или понатамошно давање на податоците на трети корисници (трговци), во Вашата Политика за приватност ќе мора прецизно да им објасните на Вашите корисници на кој начин ќе ги споделувате податоците за нив со третите корисници. Доколку не дадете јасно објаснување може да се соочите со сериозни правни проблеми, како тужби, казни и глоби.




### Инклузивност

Веб-сајтот на Белата куќа (**www.whitehouse.gov**) е пример за достапност на Политиката за приватност. Линкот до неа се наоѓа во футерот на секоја страница, а објавена е и на шпански, иако целиот веб-сајт е само на англиски. Меѓу другото, во неа се објаснуваат и законските обврски кои ова државно тело ги има при архивирање на сите видови комуникација и обезбедување слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## 3) Објаснете зошто Вашиот сервер и онлајн-операции се сигурни

Објаснувањето на Вашите корисници за тоа кои податоци ги собирате за нив и на кој начин ги обработувате и користите е основната информација што треба да ја содржи Политиката за приватност. Но, тоа е само почетната точка. Следно што треба да направите е да објасните што е тоа што ги прави Вашиот сервер и онлајн-операциите сигурни. Веројатно, не сакате да бидете фатени без одговор на прашање од типот „Како може да бидам сигурен дека никој нема да ги украде податоците од мојата кредитна картичка?“ или „Како ја штитите приватноста на моите имејл-пораки до Вашиот тим за поддршка?“.

Наведете како Вашите корисници може да се осигураат дека се на вистинскиот сигурен сервер, односно објаснете ја промената на URL (на пр. од http во https), иконите што се појавуваат на статус барот и слично. Можете дури да пробате да дадете и информација за начинот на енкрипција, но најважно од сè е да се концентрирате на користа што ја има корисникот бидејќи нему не му е важно колку пари и време Вие ќе потрошите за да ја направите Вашата онлајн-апликација сигурна, туку што тој или таа добива од Вас.

## 4) Дозволете им на корисниците да си одат

Кога луѓето ја читаат Вашата Политика за приватност за прв пат, ќе сакаат да дознаат како може да почнат или да престанат да добиваат имејл-пораки од Вас. Обезбедувањето опции за „Опт-ин“ (анг. Opt-in – доброволно пријавување) и „Опт-аут“ (Opt-out – доброволно одјавување) е вистински начин да влеете доверба кај Вашите корисници и да ги намалите нивните лични бариери. Меѓутоа, мора да бидете свесни за тоа дека потребите на луѓето, нивните желби и интереси може да се сменат со текот на времето, па и покрај тоа што никој не сака да

## Како е на македонскиот веб-простор?

Според извештајот на Метаморфозис за приватност и сродни човекови права во дигиталната сфера „Македонија: Приватност на Интернет во 2009", огромно мнозинство од македонските веб-сајтови немаат Политика за приватност. Истражувањето беше спроведено со автоматско и рачно процесирање на повеќе од 13.000 домени од регистарот на МАРНет и над 2.000 линкови од Macedonia Search Directory во март 2009 и во февруари 2010 година, при што беа откриени само неколку десетици веб-сајтови со политики за приватност.




Особено загрижувачка е состојбата кај gov.mk домените, коишто би требало да служат за пример. За жал, со истражувањето не беше пронајден ниту еден веб-сајт од централната и од локалната власт со Политика за приватност. По објавувањето истражување со сличен резултат за општините, во октомври 2010 година, една скопска општина објави Политика за приватност.

Во случајот со е-продавниците наменети за локалните потрошувачи, со истражувања направени во септември 2009, април 2010 и декември 2010 година, добиени се резултати кои покажуваат нагорен тренд во отворањето нови е-продавници и примена на Политика за приватност. Истиот тренд продолжува во јули 2011 и февруари 2012, но при повторна проверка во мај 2012 забележливо е опаѓање на процентот на е-продавници со политики за приватност. Имено, расте бројот на е-продавници, но се намалува процентот на оние кои имаат политика за приватност.

** Информациите за постоечките е-продавници се добиени од листите на е-продавници достапни на веб-сајтовите на Тутунска Банка, Уни Банка, и Халлбанк, како и листата на е-продавници достапна на веб-сајтот www.c-pay.com.mk.*

загуби клиент, морате да им дозволите да Ви кажат дека повеќе не сакаат да ги добиваат Вашите пораки.

Со цел да ја заштитите приватноста на Вашите корисници, мора да им дадете право на пристап до нивниот личен профил или корисничка сметка и можност самите да го избришат.

### 5) Дозволете им на корисниците да ги видат и изменат своите лични податоци

Доколку им дадете можност на корисниците да ги гледаат и по потреба да ги изменат нивните податоци, шансите да добиете повеќе податоци од нив се поголеми. Причините за ова се прилично едноставни – речиси никој не ги уништува своите лични податоци. Затоа, секогаш кога ќе истакнете лични податоци за корисникот, истакнете и лесно видливи и јасни знаци како тие можат да ги променат еднаш внесените лични податоци. Покрај јасните информации за увидот и можноста за измена, секогаш одговорете на прашања кои може да бидат од огромно значење за одредена категорија корисници, како што е на пример прашањето „Дали можам да ги видам податоците што ги имате за моето дете?".

### 6) Информирајте ги корисниците за измените во Вашите политики

Повеќето компании често ги менуваат своите политики за приватност. Доколку често ја менувате својата Политика за приватност, информирајте ги Вашите корисници за тоа како можат да пристапат до тие измени и како да ги ажурираат своите податоци во согласност со Вашите измени.

### 7) Кажете им на корисниците со кого да контактираат кога имаат прашања поврзани со нивната приватност

Некогаш корисниците имаат специфични прашања кои не се опфатени во постоечката Политика за приватност, како што се на пример каде може да се информираат повеќе за нивното право на приватност или со кого може да разговараат за нивните дилеми за заштитата на приватноста. Секогаш обезбедете еден или повеќе начини на коишто Вашите корисници може да ве контактираат во врска со заштитата на нивната приватност.

### 8) Напишете Политика за приватност која корисниците можат да ја разберат

Политиката за приватност може да направи огромна разлика помеѓу веб-сајт на кој му веруваме и веб-сајт кој само изгледа ОК. За жал, голем дел од политиките на приватност се напишани од страна на правници и содржат голем број технички детали. Ние не ја оспоруваме вредноста на правната терминологија, но истакнуваме дека Вашата Политика за приватност не треба да звучи и да изгледа премногу сериозно. Таа единствено треба да биде напишана на јасен и недвосмислен начин, така што и просечниот

корисник/посетител на вашиот веб-сајт ќе може да ја разбере, без притоа да вложува поголем напор. Ако користите премногу стручен начин на изразување, корисниците/посетителите може да почнат да се сомневаат дека сакате нешто да скриете или да не го прикажете во вистинското светло, така што на крајот целта на Политиката за приватност, а тоа е дека таа треба да изгради доверба на корисниците/посетителите кон Вашата веб-страница, ќе биде занемарена.

# Чекори за успешно креирање Политика за приватност

Во продолжение преку примери се наведени чекорите за тоа како да стигнете до посакуваната форма на Политиката за приватност, а притоа и на најоптимален начин да ги заштитите личните податоци на Вашите корисници/читатели/посетители. Секако, пожелно е доколку при подготвувањето на Политиката решите да ги смените вашите организациски процедури во насока на помало задржување и поголема заштита на личните податоци.

**Основни совети за ефикасна Политика за приватност**

Пишувајте едноставно
Не лажете ги посетителите

За некои видови дејности е неопходно да се прибираат определени типови податоци, но само со дозвола и знаење на нивните сопственици. Најважно е да бидете отворени и транспарентни во однос на тоа како Вашата организација постапува со податоците на Вашите посетители, без разлика како ги користите (во законски одредените рамки).

## Податоци, собирање и употреба

Објаснете како постапувате со податоците собрани преку вашето присуство на интернет. На пример:

> „Ние никогаш не ги продаваме, изнајмуваме или ги споделуваме информациите собрани на оваа веб-страница на трети страни доколку, тоа не е потребно за извршување на некоја услуга која Вие ќе ја побарате. При набавка на некој производ или услуга, ги користиме адресите за е-пошта кои Вие сте ги оставиле како Ваша контакт-информација при нарачка, а периодично ќе Ви испраќаме информации и новости за нашите производи и услуги, како и промотивни информации за производите и услугите на нашите партнери, кои, исто така, може да бидат предмет на Ваш интерес. Вие може да побарате престанок на испраќањето на овие пораки во кое било време“.

Притоа, добро е на корисниците да им се објасни и дека:

> „Ние не собираме лични податоци за Вас, освен доколку не се одлучите да ни пратите е-пошта, при што доброволно ги давате вашите лични податоци (име, презиме, контакт-информации). Природата на интернетот е таква што пасивно и автоматски собира податоци за навиките на корисниците на интернет, кои се идентификуваат преку нивните IP (интернет-протокол) адреси. Овие IP адреси се различни за секој корисник на интернет и се доделуваат од страна на интернет-провајдерите.“

## Споделување

Искрено и транспарентно изложете дали и како ги споделувате податоците собрани преку вашето присуство на интернет. Наредните опции се само дел од можностите, а Вашата изјава треба да го опишува реалниот процес на работа зашто е правно обврзувачка.

1. „Ние не користиме надворешна компанија која ги обработува Вашите лични податоци.“
2. „Ние користиме надворешна компанија која ги обработува податоците од кредитните картички на корисниците на услугите на нашата веб-страница. Оваа компанија користи систем за енкрипција и сигурносни сервери за обработка на Вашите нарачки, а притоа не ги задржува, споделува, чува или ги користи личните податоци за други цели“.

## Линкови до други веб-страници

Со оглед на тоа што не може да ги контролирате содржините на надворешни страници, добро е да им ставите до знаење на Вашите посетители за тоа.

> „Оваа страница содржи и врски (линкови) до други страни. Ние не сме одговорни за содржините на страните до кои има врски, ниту, пак, за врските на страните до кои има линкови. Ние не сме одговорни за каков било пренос на податоци кој настанал со страницата до која има врска. Ставањето на линкот на интернет-страницата во никој случај не значи дека ние ги поддржуваме или ги прифаќаме ставовите и гледиштата објавени на тие страници“.

## Пораки по е-пошта и коментари

Иако поискусните корисници ги земаат некои работи здраво за готово, дури и нив е добро да ги потсетите случајно да не откријат лични податоци без потреба

при комуникацијата со Вашата фирма или преку веб-сајт под Ваша контрола.

„На сите Ваши пораки преку е-пошта ние ќе Ви одговориме на истата имејл-адреса од која сме го добиле барањето. Нема да ја користиме таа имејл-адреса за ниту една друга цел и нема да ја споделиме со ниту една трета страна за цели надвор од примарната – одговор на Вашето барање. Ние може да ги чуваме Вашите имејл-пораки кои се испратени со цел да послужат како доказ при евентуален спор.

Кога испраќате пораки или коментари, бидете претпазливи во врска со личните податоци што ги внесувате, како што се Вашето име и презиме, адреса, град и држава на живеење, бидејќи доколку се објават заедно со Вашето сведочење, некоја трета страна може да ги искористи и да контактира со Вас."

## Откривање на податоците

Јасно назначете во кои случаи може да ги откриете добиените лични податоци, во рамките кои ги дозволуваат важечките правни прописи.

„Ние го задржуваме правото на откривање на Вашите лични податоци во случаи кога тоа се бара по закон или е потребно во водењето на некоја судска постапка, за заштита на нашите бизнис-интереси и интересите на нашите корисници".

## Колачиња, односно cookies

Известете дали и за што користите „колачиња". Во зависност од реалната состојба, на располагање Ви се повеќе опции. Во најдобар случај, оние што ја користат оваа можност даваат и мало објаснување за нејзините технички аспекти.

1. „Ние не користиме т.н.. 'колачиња' или 'cookies'".

2. „'Cookies' се мали текстуални фајлови со податоци, коишто може да бидат снимени на вашиот хард-диск од страна на некои од веб-страниците кои ги посетувате. Нашиот веб-сајт користи 'cookies' со цел следење на трансферот и начинот на испорака на услугите до нашите корисници и анализа на податоците на корисниците за статистички цели. 'Cookies' што ние ги користиме не овозможуваат пристап до личните податоци од трета страна.

Нашите партнери и огласувачи може да користат свои 'cookies' кои ние не ги контролираме и се оградуваме од можните злоупотреби на личните податоци собрани преку 'cookies' на други веб-страници".

Доколку користите колачиња, информирајте за нивниот рок на траење.

## Растење на Политиката за приватност на Фејсбук




Нема идеална, еднозначно определена должина на една Политика за приватност. Од примерот на Фејсбук се гледа дека таа може да расте во зависност од потребите и опциите што ги нуди еден веб-сајт. („Њујорк тајмс" од 13.5.2010, **http://facebook.com/policy.php**)

## Серверски логови

Серверските логови се генерираат автоматски доколку таа опција не е исклучена од администраторот на веб-сајтот. Во нив се запишува кои содржини (посебни страници, датотеки) на сајтот се посетени или преземени од кои IP адреси. Во некои случаи сопствениците на веб-сајтовите немаат пристап до серверските логови, на пр. при користење сервиси за бесплатен хостинг. Наведете ги сите релевантни податоци од оваа област.

„Нашиот веб-сајт користи серверски логови со IP адреси за да го подобри квалитетот на веб-страницата и собира широки демографски информации во агрегатна форма. IP адресата сама по себе не е доволна за да се идентификува некое лице, но може да послужи за тоа во комбинација со други податоци како евиденција од интернет-провајдери при истраги за кривични дела“.

## Новости по е-пошта

Електронските пораки испратени од Вашиот веб-сајт може да се интерпретираат како несакани рекламни пораки (спам), со што Вашата фирма или организација може да биде казнета со парични казни според Законот за електронски комуникации. За да спречите да се случи ова, секогаш чувајте доказ дека самиот корисник побарал да биде дел од Вашата база на контакти.

„Ако се регистрирате за добивање новости, Вашата електронска адреса ќе се користи исклучиво за да се испратат новостите до Вас лично. Можноста за добивање новости е со двојна „опт-ин“ (Opt-in) опција. Вие можете во секое време да се „отпишете“ - (Opt-out), при што во ваков случај Вашата електронска адреса ќе биде трајно отстранета од нашата база на податоци. Ако не сакате повеќе да добивате новости, едноставно следете ги чекорите за одјавување што се наведени на крајот од секоја новост“.

## Безбедност на малолетници

Во РМ како малолетник се смета секое лице под 18-годишна возраст. Во некои други држави дефиницијата на „дете“ е различна. Сервисите за социјално вмрежување често формално забрануваат нивните корисници да бидат деца помлади од 13 години. Доколку Вашиот веб-сајт не е наменет за малолетници, наведете го тоа на јасен и видлив начин.

„Заштитата на личните податоци и приватноста на децата е посебно важна за нас. Затоа користењето на оваа веб-страница е забрането за лица помлади од 18 години“.




## Одвоено или заедно со други правни информации?

Главниот портал на Европската унија (**europa.eu**), информацијата за заштита на лични податоци ја презентира во делот Правна поука (Legal notice) достапен преку футерот на секоја веб-страница, заедно со информации за ослободување од одговорност и за авторски права. Иако *најчесто* Политиката за приватност е посебен документ/веб-страница, нема стриктно правило за тоа, а има многу вакви „исклучоци“.

„Мора да имате навршени осумнаесет (18) или повеќе години за да пристапите кон оваа страница. Ако сте под 18 години, забранет ви е влезот на оваа страница“.

## Заштита на личните податоци

Демонстрирајте го Вашето познавање на Вашите должности во однос на правата на Вашите корисници:

„Ние се стремиме да ги заштитиме вашите лични податоци и да се спречи злоупотреба или измена на информациите што ги собираме од нашите корисници. Применетата Политика за приватност објавена на оваа веб-страница се заснова на Законот за заштита на лични податоци на Република Македонија. Во електронска форма, пречистениот текст на Законот (ПДФ) може да се симне од веб-страницата на Дирекцијата за заштита на лични податоци на Република Македонија (dzlp.mk).

Оваа веб-страница гарантира дека од наша страна е овозможена целосна безбедност на Вашите

продолжува на стр. 9

Пример:

## Политика на приватност на ЕДРИ

Асоцијацијата Европски дигитални права има јасна и едноставна политика на приватност. Ние собираме што е можно помалку лични податоци.

### е-пошта

Доколку се претплатите на ЕДРИ-грам, вашата е-адреса ќе ја користи само уредникот назначен од страна на членовите на ЕДРИ за да ви го испраќа билтенот. Информациите за претплатникот нема да се пружаат, изнајмуваат или продаваат на која било трета страна. Информациите за претплатниците се обезбедуваат само во општа, збирна форма, како на пример бројот на претплатници.

ЕДРИ бара потврдување од претплатниците на која било мејлинг-листа. На пример, луѓето заинтересирани за добивање на билтенот ЕДРИ-грам, најпрво мора да ја потврдат својата претплата пред таа да се ефектуира. Со користење професионален софтвер за мејлинг-листи (Mailman), EDRI го намалува ризикот од злоупотреба на адресите од трети страни. Претплатниците можат да се претплатат или да ја откажат претплатата без каква било интервенција од уредникот или кој било од членовите на ЕДРИ. За одржувањето, работата на системот и безбедноста на мејлинг-листите е одговорна QUINTESSENZ од Австрија.

ЕДРИ-грам е затворена мејлинг-листа. Само уредникот може да им испраќа пораки на претплатниците. ЕДРИ, исто така, нуди и форум за дискусија меѓу заинтересираните претплатници - ЕДРИ-форум. Оваа втора листа не е модерирана.

### Веб-сајт

Овој веб-сајт користи колачиња (cookies) за да може системот да функционира правилно, но ЕДРИ не собира никакви податоци од овие колачиња. Во моментов, овој веб-сајт не собира никакви статистички податоци за посетителите, но ЕДРИ го задржува правото да користи статистички податоци, доколку тоа може да се изврши на општо ниво, без воопшто да се собираат какви било IP-адреси на посетителите. Овде ќе биде објавена секоја таква промена во поставувањата на системот. За одржувањето, работата на системот и безбедноста на веб-серверот е одговорен интернет-провајдерот XS4ALL во Холандија.

### Јавни кампањи

Доколку ЕДРИ организира јавни кампањи, информациите за поддршка на поединци, организации и компании ќе се собираат на безбеден начин и ќе се користат единствено за експлицитната цел наведена во кампањата. Овие податоци ќе бидат избришани веднаш по кампањата, освен ако не е поинаку наведено. На пример, доколку ЕДРИ организира јавна петиција, имињата и интернет-адресите на организациите кои изразиле поддршка можат да бидат објавени на јавен веб-сајт, доколку тоа е јасно наведено. (**www.edri.org/edrigram/privacy**)

продолжува од стр. 7

лични податоци, но не можеме да гарантираме дека безбедносните мерки ќе спречат трети страни од нелегално прибирање на личните податоци“.

## Ослободување од одговорност

Изјавата за ослободување од одговорност најчесто е дел од правната поука или правилата за користење на веб-сајтот, но не штети да биде додаден и како дел од Политиката за приватност.

„Не прифаќаме каква било одговорност за штетите што настанале при склучување договор, водење судска постапка или друго, доколку штетата настанала поради користење или неможност за користење на страницата или поради одлука која била донесена како резултат на посета на страницата. Со исклучок на материјалите кои се од правен карактер (како закони, правилници, упатства, решенија, конвенции, препораки, пресуди и сл. – доколку има такви), останатите материјали претставуваат наши гледишта и ставови – тие не се правен или стручен совет.“

## Контакт

Наведете на кои сè начини Вашите посетители може да стапат во контакт со Вас, а доколку имате определено лице задолжено за заштита на лични податоци во рамките на организацијата, најдобро е да ги наведете експлицитно сите релевантни информации.

„За сите прашања поврзани со Вашите лични податоци собрани и обработени од наша страна, обратете се директно до нас преку која било од стандардните можности за контакт (со линк до формуларот за контакт).“

## Промени во Политиката за приватност

Го задржуваме правото да вршиме какво било изменување или дополнување на Политиката за приватност и/или условите за користење во кое било време, а таквото изменување или дополнување стапува во сила со самото објавување на веб-страницата/интернет.

## Екстерни бројачи на посети

Доколку донесете одлука да вметнете и т.н. „екстерни бројачи“, Ви препорачуваме да земете предвид дека и тие бројачи обработуваат податоци од корисниците/посетителите на Вашата веб-страница и затоа доколку ги користите, овозможете објаснение од овој вид:

„Заради зголемена транспарентност и споредбени анализи, нашиот веб-сајт користи/има користено два екстерни бројачи на посети: Сајт митер и Гугл аналитикс - (Sitemeter, Google analytics), обезбедени од компании лоцирани во САД, кои се под јурисдикција на тамошните закони. Комуникација со екстерните бројачи се остварува со вметнување код обезбеден од нивна страна во поединечни страници на оваа веб-страница. При вчитување таква страница, кодот се активира, со што на екстерниот бројач му обезбедува пристап до следните податоци за посетителите: IP адреса, разгледувач, оперативен систем, датум и време на пристап, реферер (претходно посетена веб-адреса) и посетени веб-страници од сајтот во кои е вметнат кодот од бројачите“.

Во врска со најчесто користените бројачи во Македонија, може да објасните:

- Резултатите од бројачот Гугл аналитикс не се јавно достапни и се користат само за статистички анализи. Политиката за приватност на Гугл е достапна на веб-адресата **www.google.com/privacy.html.**

- Бројачот Сајт митер става на располагање на јавноста дел од деталните податоци за последните 100 посетители, со прикривање на дел од IP адресата, како и статистички податоци за бројот на посети и отворени страници од претходните 12 месеци, во однос на моментот кога се пристапува на нивниот извештај. Политиката за приватност на Сајт е митер достапна на веб-адресата **www.sitemeter.com/?a=privacy.**



Пример: МЕТАМОРФОЗИС

## Применета политика за приватност на www.metamorphosis.org.mk

Фондацијата Метаморфозис е посветена на заштитата на приватноста и интегритетот на личните податоци со кои доаѓа во контакт во текот на своето работење. Во овој документ за применета политика за приватност (privacy policy) се назначени видовите лични податоци кои ги примаме и ги собираме при користење на веб-сајтот на Фондацијата Метаморфозис (www.metamorphosis.org.mk, односно www.metamorphosis.mk), како и некои од чекорите што ги преземаме за нивна заштита.

Ве молиме, внимателно прочитајте ја оваа Политика на приватност. Можете да пристапите до Политиката на приватност во секое време на веб-адресата http://www.metamorphosis.org.mk/programi/primeneta-politika-za-privatnost.html. Вашето користење и/или регистрација на кој било дел од веб-сајтот значи прифаќање на оваа Политика на приватност. Доколку не се сложувате со условите во оваа Политика на приватност, Ве молиме да не го користите веб-сајтот. Оваа Политика на приватност не опфаќа информации собрани на други места, вклучително, не ограничувајќи се на информации собрани офлајн и на веб-сајтови до кои се поставени линкови на веб-сајтот.

Применетата политика за приватност на Фондацијата Метаморфозис се заснова на Законот за заштита на лични податоци на Република Македонија. Во електронска форма, пречистениот текст на Законот (ПДФ) може да се симне од веб-сајтот на Дирекцијата за заштита на лични податоци на РМ (dzlp.mk).

## Основни одредби

- Сите лични податоци под контрола на Фондацијата Метаморфозис се добиени доброволно, преку експлицитна согласност на нивните сопственици, или од трети страни кои ја имаат добиено согласноста на сопствениците за таа намена.
- Личните податоци под контрола на Метаморфозис се користат само за намената за која се собрани, а доколку има потреба да се искористат и за други цели, тоа се прави само со експлицитна дозвола од нивните сопственици.
- Политика на Фондацијата Метаморфозис е записите кои содржат лични податоци да се уништуваат/бришат по истекот на рокот за нивно чување, доколку е определен со договор или со закон, или по завршувањето на проектот во рамките на кои биле собрани.
- Податоците што се прибираат автоматски преку веб-сајтот на Метаморфозис се користат само за статистички потреби, а не и за следење на активноста на поединечни корисници.
- Во случај на криминална истрага, Фондацијата Метаморфозис се придржува до важечките закони на РМ и податоците собрани со активноста на веб-сајтот се достапни на органите на прогон само со валиден судски налог, со исклучок на случај на злоупотреба на нејзин информациски систем или веб-сајт, кога логовите може се испитуваат и анализираат и во предистражната постапка.

## Користење колачиња (кукија)

Веб-сајтот на Метаморфозис користи колачиња или кукија (cookies) во следните случаи:

- За спречување на двојно гласање при пополнување анкети. Во моментов на веб-сајтот на Метаморфозис нема активни анкети. Рокот на траење на ваквите колачиња е до истекот на анкетата.
- За соодветно претставување на јазичната верзија на сајтот за корисници кои направиле избор во тек на претходна посета. Рок на траење на ваквите колачиња е еден ден по направениот избор.
- При најавување на корисници во делот заштитен со налог и лозинка, кој не е јавен. Рокот на траење на ваквите колачиња е до истекот на тековната сесија.

Веб-сајтот на Метаморфозис го користи системот за управување со содржини Џумла. Во случај персоналот на Метаморфозис да има сознанија дека неговите екстерни компоненти (модули) поставуваат и дополнителни колачиња, нивното однесување ќе биде дополнително наведено во овој оддел на политиката за приватност.

## Серверски логови

За секој од веб-сајтовите на Фондацијата Метаморфозис, соодветниот веб-хостинг провајдер води логови на серверот, во кои се запишува IP адреса, разгледувач, оперативен систем, датум и време на пристап, реферер (претходно посетена веб-адреса) и преземена датотека од сајтот, за секоја таква операција. Со овие логови се постапува во согласност со општите одредби, или индивидуалната политика за приватност на провајдерот, кој е задолжен да постапува во рамките на Законот за заштита на личните податоци и Законот за електронски комуникации на РМ.

Според важечките прописи во РМ, правните лица кои обезбедуваат интернет-услуги се должни да ги чуваат податоците за сообраќајот (содржани во серверските логови) минимум 24 месеци по нивното создавање, со цел да бидат на располагање на соодветните истражни органи, во постапка регулирана со закон.

Хостинг сервисот за веб-сајтот Метаморфозис (www.metamorphosis.org.mk, односно www.metamorphosis.mk) го обезбедува компанијата Сонет (Сонет ДОО Скопје, бул. Партизански одреди 72а, 1000 Скопје, веб: www.sonet.com.mk, е-пошта info [на] sonet.com.mk).

## Екстерни бројачи на посети

Заради зголемена транспарентност и споредбени анализи, веб-сајтот на Метаморфозис има користено два екстерни бројачи на посети: Сајт митер и Гугл аналитикс, обезбедени од компании лоцирани во САД кои се под јурисдикција на тамошните закони. Комуникацијата со екстерните бројачи се остварува со вметнување код обезбеден од нивна страна во страници на веб-сајтот на Метаморфозис. При вчитување таква страница кодот се активира, со што на екстерниот бројач му обезбедува пристап до следните податоци за посетителите: IP адреса, разгледувач, оперативен систем, датум и време на пристап, реферер (претходно посетена веб-адреса) и посетени веб-страници од сајтот во кои е вметнат кодот од бројачите.

- Резултатите од бројачот Гугл аналитикс не се јавно достапни и се користат само за статистички анализи. Политиката за приватност на Гугл е достапна на веб-адресата http://www.google.com/privacy.html.
- До јуни 2009 година, веб-сајтот на Метаморфозис го користеше и бројачот Сајт митер, кој ѝ става на располагање на јавноста дел од деталните податоци за последните 100 посетители, со прикривање на дел од IP адресата, како и статистички податоци за бројот на посети и отворени страници од претходните 12 месеци, во однос на моментот кога се пристапува на нивниот извештај. Со податоците за посетите на веб-сајтот на Метаморфозис, кои Сајт митер ги има собрано пред горенаведениот датум, таа компанија се има обврзано да постапува според нивната политика за приватност, која е достапна на веб-адресата http://www.sitemeter.com/?a=privacy.

## Е-пошта и мејлинг-листи

Податоците кои посетителите ги испраќаат доброволно преку е-пошта и формуларот за контакт се сметаат за службена тајна и се чуваат во согласност со општите одредби и правилата и прописите за архивско работење. Тука спаѓаат и нивната адреса за е-пошта, име, презиме, поштенска адреса, телефон, фотографии итн.

Преписката со персоналот на Метаморфозис во која било форма станува дел документарниот материјал кој Фондацијата е обврзана, во зависност од карактерот на преписката, да го чува од 1 до 5 години, врз основа на член 12 од Упатството за начинот и техниките на постапување со документарниот материјал и архивската граѓа во канцеларискиот и архивското работење (Сл. Весник на РМ бр. 60/97).

Запишувањето на мејлинг-листите на Метаморфозис е исклучиво на доброволна основа. Согласноста на членовите се обезбедува преку автоматско барање потврда за запишување во мејлинг-листата по внесувањето на нивната адреса за е-пошта во списокот преку веб-сајтот. Алтернативно, лицата заинтересирани за активностите и вестите од Метаморфозис може да се запишат преку потпишување формулари на хартија на настани организирани од Фондацијата.

Членовите на мејлинг-листите имаат можност во секое време да се откажат од членството преку соодветен автоматски механизам, преку кликнување линк, кој е наведен во секоја порака за е-пошта од листите, или преку контактирање на персоналот на Фондација Метаморфозис во која било форма.

## Контакт

За сите прашања поврзани со Вашите лични податоци складирани од страна на Фондацијата Метаморфозис обратете се директно до канцеларијата преку која било од стандардните можности за контакт.

Фондација Метаморфозис

ул. „Апостол Гусларот“ бр. 40

1000 Скопје, Македонија

е-пошта: info [на] metamorphosis.org.mk

тел/факс: +389 (0)2 3109 325

## Корисни линкови

Free Privacy Policy Generator (**www.freeprivacypolicy.com**)

12 Simple Rules: Privacy Policy (**www.12simplerules.com/privacy.htm**)

How to Write a Privacy Policy (**www.hooverwebdesign.com/privacy-policy-form.html**)

## Примери на веб

Yahoo! Privacy International (**info.yahoo.com/privacy**)

Пинг.мк: Политика за приватност (**ping.mk/politika-za-privatnost**)
и Договор за користење (**ping.mk/dogovor-za-koristenje**)

Фондација Метаморфозис (**www.metamorphosis.org.mk/mk/politika-za-privatnost**)

## Импресум


Издавач:
Метаморфозис

МЕТАМОРФОЗИС

За издавачот:
Бардил Јашари

Автори:
Филип Стојановски
Ангел Наковски
Елена Стојановска
Фросина Тасевска

Со благодарност до Неда Коруновска

Лектура: Маја Катарова

Графичка обработка: ДРУГА МАШИНА



Авторите и фондацијата Метаморфозис се сопственици на авторските права врз текстовите објавени во овој водич.

Во дигитална форма содржините се објавуваат под лиценцата Криејтив комонс Наведи извор-Некомерцијално-Без адаптирани дела 2.5 Македонија.

**http://creativecommons.org/licenses/by-nc-nd/2.5/mk/**


Метаморфозис е независна, непартиска и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Република Македонија. Мисијата на Метаморфозис е да придонесе за развој на демократијата и подобрување на квалитетот на живеење преку иновативна примена и ширење на знаењето. Наши главни вредности се отвореност, еднаквост и слобода.


Адреса за контакт:
Метаморфозис
ул.„Апостол Гусларот“ бр. 40
1000 Скопје, Македонија
тел/факс: + 389 2 3109 325
е-пошта: **info@metamorphosis.org.mk**
веб-сајт: **www.metamorphosis.org.mk**



CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

342.738:004.738.5(036)

КАКО до политика за приватност? / [автори Филип Стојановски ... и др.], - [2. дополнето и изменето изд.]. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2012. - 11 стр : илустр. ; 30 см. - (Водич за ИКТ на Метаморфозис ; бр. 6)

Автори: Филип Стојановски, Ангел Наковски, Елена Стојановска, Фросина Тасевска

ISBN 978-608-4564-36-2
1. Стојановски, Филип [автор]
а) Право на приватност - Интернет - Водичи
COBISS.MK-ID 91505162



Ова издание е поддржано од Фондацијата Институт Отворено општество - Македонија и мрежната програма на Институтот отворено општество во рамки на проектот Иницијатива за приватност на интернет (Online Privacy Initiative)

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА 20 ГОДИНИ


**Водичот е подготвен во соработка со:**

ДЗЛП

**Дирекцијата за заштита на личните податоци** е самостоен и независен државен орган со својство на правно лице кој врши надзор над законитоста на преземените активности при обработувањето на личните податоци и нивната заштита на територијата на Република Македонија. Дирекцијата има надлежност да подготвува и донесува подзаконски акти што се однесуваат на заштитата на личните податоци, да развива политики и дава насоки во врска со заштитата на личните податоци, да ја цени правичноста и законитоста на обработката на личните податоци, да дава мислења по предлозите на прописи во областа на заштитата на личните податоци, да врши обука на заинтересирани контролори, односно обработувачи и да остварува меѓународна соработка во областа на заштитата на личните податоци.


Адреса за контакт:
Дирекција за заштита на личните податоци
Ул.„Самоилова“ бр. 10, 1000 Скопје
Тел/Факс +389(0)2 3230635
е-пошта: **info@privacy.mk**
веб-сајт: **www.privacy.mk**


**Водичот се дистрибуира во соработка со:**

MARNet MACEDONIAN ACADEMIC RESEARCH NETWORK

**Македонската академска истражувачка мрежа, МАРнет** е јавна установа со седиште во Скопје, Република Македонија. Мисијата на МАРнет е меѓуповрзување на сите истражувачки и образовни институции во Македонија и интернационално поврзување кон европската истражувачка мрежа и целото Интернет пространство, како и управувањето со врвниот македонски домен .МК.


Адреса за контакт:
МАРнет
Булевар Партизански Одреди бр.17
1000 Скопје, Македонија
тел: +389 2 3256 561
веб-сајт: **dns.marnet.net.mk**